# Australian Macedonian TODAY

34 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1985 1 NOVEMBER 2024 FREE


# УСПЕШНО ОДРЖАН МАКЕДОНСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО МЕЛБУРН












FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Стариот сјај на „Макфест“ не се враќа, но носи песни кои го одбележуваат новото време!



Минатиот викенд во Штип се одржа 39-то издание на реномираниот фестивал на забавни песни „Макфест 2024“. За време на двете фестивалски вечери на сцената продефилира нови музички надежи, но и веќе докажани музички имиња помеѓу кои Елена Ристеска, Дарио, Антониа Гиговска, Дани Димитровска…

Со новиот концепт „Макфест“ веќе неколку години наназад има ревијален карактер и не се избира победник. Наместо гласање и награди за најдобри песни (според публика и жири) се доделува награда за најслушана песна помеѓу два фестивала. Годинава наградата од 2.000 евра ја добија Таско и Малена за песната „Сафир“, со над 1.8 милиони прегледи на „Јутјуб“.

Фестивалот успеа да го привлече вниманието на пошироката јавност и е актуелна тема деновиве.

- Никогаш нема да можеме да го вратиме стариот сјај на „Макфест“, но затоа работиме да можеме да го презентираме новиот сјај на „Макфест“ и новото време, односно како што бара публиката. Македонската забавна музика по овогодишното издание е збогатена со нови 28 песни кои ќе остават белег на новото време, изјави штипскиот градоначалник Иван Јорданов.

Општина Штип е единствен организатор на „Макфест“, поддржан со околу сто илјади евра, средства од општинскиот буџет и од спонзори.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Македонија нема да учествува на Евровизија 2025

Македонија повторно нема да учествува на изборот за песна на Европа, Евровизија 2025, која годинава се одржува Базел, Швајцарија.

Ова е трета година по ред како земјата не учествува во ова познато музичко натпреварување, а последна беше Андреа Коевска во 2022 година со песната „Circles“.

Според информации од МРТВ за 2025 година не се предвидени средства за учество на Евровизија, но настанот ќе биде пренесуван.

Најдобриот резултат за Македонија досега на Евровизија беше осмото место постигнато од Тамара Тодевска во 2019 година во Тел Авив, Израел, со песната „Proud“.

МРТВ единствено ќе има претставник на Јуниорскиот Евросонг, каде учеството не бара големи финансиски средства.






# Вештачката интелигенција етапно ќе се воведува во наставните програми

Вештачката интелигенција повеќе не се третира како футуристички концепт, туку е реалност и има голема примена во секојдневието. Планираме нејзино етапно воведување во наставните програми во училиштата, тоа е наша должност со цел младите низ формалниот процес на образование да се запознаваат со придобивките, но и со предизвиците од нејзината употреба.

Ова го истакна министерката за образование и наука, Весна Јаневска, додавајќи дека државата е поназад од земјите од ЕУ, а понапред во споредба со земјите во регионот.

- Министерството е фокусирано на два аспекта: дигитализација на наставата и дигитализација на образовните услуги. Вештачката интелигенција има голем потенцијал во областа на образованието. Таа, може да го револуционизира начинот на кој се учи и се предава. Може да го персонализира образованието, приспособувајќи ја содржината на индивидуалните потреби и стилови на учење на секој ученик. Ова може да доведе до подобри резултати од учењето. Во напредна фаза е и дигитализацијата на услугите на повеќе факултети, рече Јаневска, посочувајќи дека зборува за вештачката интелигенција која е во согласност со



етичките и моралните начела и норми. Буџетот што ќе го добие Министерството за образование и наука следната година ќе изнесува 40 милијарди денари (над А$1 милијарда), што е најмногу досега. Според Јаневска, тоа ќе значи и повеќе пари за дигитализација, како и за поддршка на работата на научно–истражувачките работници кои, очекува во иднина повеќе да се занимаваат со иновации во областа на вештачката интелигенција.



## ПОМАЛКУ ТУТУН ПОРАДИ НЕПОВОЛНИТЕ ВРЕМЕНСКИ ПРИЛИКИ

Поради неповолните временски услови годинава се намалиле очекуваните количини на тутунот, но за разлика на тоа тутунот добил на квалитет. На ниво на држава откупувачите имале склучено околу 14.000 договори и побаруваат 26 милиони килограми, но според тутунарите во Македонија има само 17 милиони килограми, односно за 30% повеќе од лани кога се откупија околу 14 милиони 700 кг. на тутун.

Лани просечната цена беше 365 денари (околу А$9.60) по килограм, а годинава тутунарите бараат таа да биде повисока.

Статистиката зборува дека тутунот во земјата го работат луѓе над 55 годишна возраст, младите ги нема.



# Планот за градбата на згради ги алармира жителите на богатите населби во Мелбурн



Според новиот план за зголемување на бројот на станови, *Мелбурн* целосно ќе го промени својот изглед, бидејќи намерата е да се изградат „центри за активност" ширум предградијата, против волјата на локалното население. Премиерката на *Викторија*, **Џасинта Алан**, ги откри плановите за промена на правилата за планирање за 50 локации, со што би се создале услови за градба на високи згради и би се зголемила густината на населението околу железничките и трамвајските станици. Обраќајќи и се на јавноста, таа го најави својот план кој би донел дополнителни 300.000 станови низ *Мелбурн* до 2051 година. *„Со изградба на повеќе станови околу 50 железнички станици во предградијата, на младите би им се понудила можност за изнајмување или купување стан кој е поврзан со јавниот превоз и инфраструктура во места каде што сакаат да живеат. Знам, ова нема да ги реши сите проблеми, но ќе донесе повеќе станови и нов живот во предградијата кои се полни со работни места, транспорт и услуги каде младите купувачи и изнајмувачи моментално немаат пристап*" - изјави таа.

Меѓутоа, локалното население на богатата населба **Брајтон** не е задоволно од планираните промени, наведувајќи дека тоа е „срамота" бидејки премиерката **Алан** ги објавила плановите заедно со министерката за планирање **Соња Килкени** без консултација и разгледувањето на последиците. Локалниот член на парламентот **Џејмс Њубери** излезе со натпис во весниците *„**Џасинта**, областа Бејсајд не сака згради од 20 спратови"*. Премиерката објавидека 25 од најавените 50 „центри за активности" би биле во богатите предградијата на *Мелбурн* како што се *Армадејл, Хоксбурн, Малверн* и *Торак*, додека локациите за преостанатите 25 центри ќе бидат објавениподоцна во текот на годината. Владата на *Викторија* наведува дека промените на просторните планови вклучуваат и правила за долгорочен раст, што на заедниците би им дале можност да се вклучат во процесот и насочување на плановите со кои би се овозможила градбата на становите. Промените на плановите ќе овозможат градба на „повисоки" станбени згради во непосредна близина на железнички станици и со ниски станбени згради и куќи на кои градбата би биле дозволена во подрачје од 800 м од железничките станици. Владата изјавила правото на населението на жалба за градбата на подрачје од 800 метри од станиците, нема да се промени. Министерката за планирање **Соња Килкени** изјави дека промените се неопходни за адекватно да се одговори на растот на населението во *Мелбурн*. *„Тука не се работи за промена која дошла преку ноќ, се работи за голема промена која на Викторија ќе и донесе можности за домување за следната генерација така што на младите им даваме можност и создаваме подобри заедници за сите. Многу од овие општини никогаш претходно немале план за иднината и овој процес ќе го подобри сето тоа што е посебно во тие предградија, а во исто време обезбедувајќи поголем број станови во близина на линиите за јавен превоз, продавници, училишта, услуги и паркови"*.



### ТАТКОТО НА АСАНЖ:

# САД не ја сакаат и не ја прифаќаат вистината за себе



*Соединетите Американски Држави* ниту ја сакаат ниту ја прифаќаат вистината за себе, кажа во интервју за руската новинска агенција *РИА Новости* **Џон Шиптон**, австралиски активист и татко на основачот на *Викиликс*, австралискиот новинар **Џулијан Асанж**. Во јули **Асанж** беше пуштен од британски затвор по долги години тортура и се врати во *Австралија* по договорот за признавање на вината со американските власти.

Според **Шиптон**, *Вашингтон* презел *„многу остри мерки против **Џулијан** за објавувањето на вистината"*.

*„Го ставија **Челси Менинг** во затвор на 35 години, а **Едвард Сноуден** беше приморан да бара азил во Руската Федерација, така што очигледно е дека тие не ја прифаќаат вистината за себе"*, искоментира активистот.

Според **Шиптон**, *Вашингтон* сега има „премногу проблеми" за да продолжи да се занимава со случајот на **Асанж**.

*„Ако се загрижени за Џулијан Асанж, па, би требало да најдат друга работа"*, ги посоветува таткото на австралискиот новинар.

Тој изјави дека *Западот* се обидува да испровоцира шарени револуции ширум постсоветскиот простор. Истакнувајки дека информациите кои проектот на неговиот син ги објавувал веќе неколку години покажуваат како *„американската империја се инфилтрира во држави кои сака да ги има како вазали"*, или се обидува да ги уништи.

*„Можеме јасно да видиме што се може да се направи со државата ако се контролираат информациите кои луѓето ги добиваат преку серија шарени револуции кои се случуваат во руското опкружување, во Украина, а речиси се случија во Белорусија, Казахстан, Грузија и така натаму"* - рече **Шиптон**.

Според него, шарените револуции ги спроведуваат невладини организации, новински организации и новинари, кои се навикнати да ја поткопуваат стабилноста на земјите. Да потсетиме, **Џулијан Асанж** неодамна беше ослободен, а при неговото прво обраќање изјави дека е на слобода само затоа што се изјаснил за „виновен за новинарство". Тој исто така објави дека *ЦИА* имала план да го киднапира и убие во *Лондон*, додека неговите поддржувачи во *Европа* биле изложени на хакерски напади. *„На мета беа мојата сопруга и мојот мал син. Посебен агент на ЦИА бил назначен постојано да ја надгледува мојата сопруга и му биле дадени упатства да земе ДНК примерок од пелената на мојот шестмесечен син"* - рекол во таа прилика **Асанж**.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

### МИЦКОСКИ:

# „Бехтел и Енка“ нема да добијат никакви пари без реализација на терен



Претседателот на Владата Христијан Мицкоски заедно со заменик-претседателот на Владата и министер за транспорт Александар Николоски извршија надзор во работата на автопатската делница Гостивар – Букојчани (дел од Коридор 8).

Според официјалните податоци, автопатските делници од коридорите 8 и 10Д се со планирана должина од 109 километри. Треба да се изградат 24 подвозници и 34 надвозници. „Бехтел и Енка“ треба да изградат и мостови во вкупна должина од 4.500 метри (4,5 километри). При градежните активности треба да се ископаат и извадат 21 милион километри кубни земјиште, камења и карпи.

Но аванси без никаква реализација од страна на „Бехтел и Енка“ нема да бидат исплаќани, туку ќе се плаќа врз основа на реализација. Со Ребалансот на Буџетот за годинава, парите наменети за делниците што ги гради „Бехтел и Енка“ се драстично намалени - од 249 милиони евра на 66 милиони.

- Илузорно е да се планираат 250 милиони евра за проектот за коридорите 8 и 10д во ситуација кога не може да се заврши експропријација, има еден куп проблеми, и кога не се знае трасата, односно кога се знае дека предвиденото нема да се реализира и тие пари на крајот на годината да завршт во некои коруптивни зделки – кажа министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска, додавајќи дека за следната година за овој проект ќе бидат планирани 250 милиони евра и дека веќе се работи на тоа проектот да почне да се реализира, да се гради и да се плаќа врз основа на завршени работи и ситуации.

Но се наметнува прашањето дали во иднина постои ризик да не се продолжат активностите на терен од страна на „Бехтел и Енка“ поради неисплаќање на договорената сума.

Од страна на актуелната влада повеќе пати беше посочувано дека иако претходната Влада имала префрлено милиони евра на „Бехтел и Енка“, немало никаков напредок на работите на терен.

„Бехтел и Енка“ на сметката добиле за цела 2023 година вкупно околу 240 милиони евра.

Но, како што покажува извештајот за сработеното до август, во 2024 година компанијата немале добиено ниту денар буџетски средства.

## Македонија - клучка на три крстосници

- Преговорите заедно со раководството на компанијата „Бехтел“ започнаа уште при оние контакти во Вашингтон, кога бев на Самитот на НАТО, а продолжија тука. Кога има дијалог, кога ќе се разговара, може да се постигне и напредок. Во четирите изминати месеци откако е формирана Владата,


Reg. No. A0042461O AHAM BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЗАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

а во споредба со претходните две години, на теренот се направени двојно, тројно повеќе работи, со што реалност е дека Македонија ќе биде држава домаќин на три крстосници – транспортна, железничка и енергетска, оцени понатаму Мицкоски. Државата не излегува на море и тој недостаток треба да го направиме наша предност, рече премиерот, „бидејќи сме природна крстосница на два многу значајни коридори, Коридорот 8 и Коридорот 10".

Министерот за транспорт Александар Николоски посочи дека од Скопје до Охрид ќе се патува за најмногу час и половина и додаде дека со оваа делница практично ќе се реши најтешкиот дел од она што треба да е автопат Скопје-Кичево-Струга-Охрид.

Директорот на Државни патишта, Коце Трајановски, кажа дека експропријацијата на имотите низ кои треба да поминува автопатот е во тек и дека досега е завршена половината. Остануваат околу 2.400 предмети кои треба да финишираат до Нова Година.

Од „Бехтел и Енка", пак, се задоволни што најголем дел од подизведувачите се македонски компании.

### „ЕВРОСТАТ":

# Македонците со своите родители живеат до 32 години

Младите во Македонија и во Црна Гора најдоцна во Европа ги напуштаат домовите на своите родители, покажува анализата на статистичкиот портал „Ландгеист", базирана на податоци на „Евростат".




Балканот е на врвот на оваа листа. Младите во Црна Гора во просек остануваат да живеат со своите родители до 33.3 години, во Македонија до 32.1, во Хрватска 31.8, во Србија до 31.5, Грција 30.6, а во Бугарија до 30 години.

Во Јужна Европа и на Балканот повеќе од половина од луѓето на возраст од 20-25 години живеат со своите родители. Во северна Европа, пак, овој процент е под 20%, па дури и под 10%.

Најрано од домовите на нивните родители си заминуваат младите во скандинавските земји. Со просечна возраст од 21.4 години, младите Финци се тие кои најрано за заминуваат. Веднаш зад нив се Данците и Швеѓаните на 21.8, па Норвежаните на 22.5 години.

Меѓу западновропските земји, најдолго со своите родители остануваат да живеат младите Шпанци и Португалци, до 30.4 односно до 29.1-годишна возраст. Младите Британци, пак, се осамостојуваат на 24.6, Германците на 23.9, а Французите на 23.7 години.




# Антикорупциска ќе го проверува сертификатот за англиски на новиот шеф на македонската тајна служба, што бил издаден во Пловдив




Премиерот Христијан Мицкоски на 16 октомври го постави доскорешниот претседател на скопскиот комитет на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, Бојан Христовски, за нов директор на контраразузнавачката служба АНБ. Веднаш се разви дебата во македонската јавност околу тоа дали Христовски ги исполнува потребните законски услови и документи да биде на таа позиција. Под сомнеж е дипломата за познавање на англиски јазик што Христовски ја приложил а ја добил од Јазичното училиште Julia Co.LTD, Пловдив, Бугарија. Втора тема е како бил поставен на оваа позиција штом првиот ден од седнувањето во фотелјата на чело на АНБ побарал да добие сертификат за „Државна тајна" (значи претходно го немал).

Бугарски „Фактор.бг" истражувал на темата околу сертификатот за англиски од Пловдив и се покажало дека на посочената адреса нема такво јазично училиште. Порано таму била сместена компанијата „Julia Co.LTD" која се занимава со посредување при работа во странство, подготовка на документи, преводи и легализација но сега канцеларијата е затворена, работат онлајн. Во телефонски разговор извесна госпоѓа рекла дека компанијата не издава сертификати за TOEFL и не организира обука за добивање на таков сертификат.

Дополнително, според проверка на „Faktor.bg", во Пловдив воопшто нема сертифициран центар за полагање и издавање меѓународно признат сертификат за TOEFL.

Антикорупциската комисија во Македонија го зема во работа случајот со Христовски. Мора да се спомне дека Антикорупциска во 2021 година веќе проверувала друг ТОЕФЛ-сертификат од истата школа, која ја приложил директор на меѓуопштински центар за социјални работи. Но тогаш проверкта била за законскиот рок на поднесување, а не ја проверувале фалидноста на сертификатот.

## Веќе има две судски пресуди за лажни сертификати од „Јулија" - Пловдив

Затоа, пак, директорката на дебарската болница Севдије Коџа, како што објави „Слободен печат", со признание за вина е веќе осудена на условна казна зашто приложила лажен сертификат за познавање на англиски јазик и со него станала директорка. Според „360 Степени" за истото (не)дело е осудена и една директорка на училиште. Сертификатите за англиски на двете директорки биле од ноември и декември 2022 (кореспондира со датумот на сертификатот на Христовски) и се од истата фирма „Julia Co. LTD"-Пловдив!? Осудени се на по 2 години условно на почетокот од октомври годинава.

На крајот се забележува дека на 26.04.2024 година полицијата од Велес поднела кривична пријава против директорка на градинка со иницијали М.В. за сторено кривично дело – „употреба на исправа со невистинита содржина". Се работи за сертификат за познавање на англискиот јазик издаден пак од истото јазично училиште во Пловдив.



### И ПАДНАЛ ТЕЛЕФОНОТ И ПРОБАЛА ДА ГО ЗЕМЕ:

# СЕДУМ ЧАСА ВИСЕЛА НАОПАКУ ОТКАКО ПАДНАЛА МЕЃУ ДВЕ КАРПИ




***Матилда Кембел се лизнала кога се обидувала да го дофати својот мобилен телефон***

Млада Австралијка неколку часа висела наопаку откако паднала меѓу две карпи. **Матилда Кембел** се лизнала кога се обидувала да го дофати својот мобилен телефон за време на планинарење во *Нов Јужен Велс,* при што паднала во три метри длабока пукнатина во карпата.

Тоа беше почеток на седумчасовно искушение во кое службите за итни случаи извеле комплицирано спасување, што вклучило и преместување на неколку огромни карпи. Дури и откако успеале да поткренат 500 килограми тешка карпа, тие требало да смислат како ќе ја извлечат жената.

*„Во моето десетгодишно искуство како спасувач, никогаш не сум се соочил со нешто толку предизвикувачко“*, изјави **Питер Вотс** од амбулантната служба на *Нов Јужен Велс*. **Кембел** веќе висела наопаку еден час кога дошле спасувачите, откако првичните обиди на нејзините пријатели да ја извлечат биле неуспешни.

*„Зачудувачки, таа имаше само мали гребнатинки и модринки откако ја извадивме. Телефонот не успеавме да го дофатиме*“, кажа **Вотс**.

## МКУД Светлост

*МКУД Светлост* е едно од најстарите друштва на заедницата во *Австралија*, и сака да упати покана до поранешните играорци, кореографи и членови на управата да присуствуваат на заедничка средба во петок, на 25 октомври 2024 година. Настанот се одржува во *The Barkley Hotel* на адреса *92 Burgundy Street Heidelberg.* Вечерта ќе биде прослава и признание за нашите минати и сегашни членови додека работиме на нашата комеморативна прослава за 2025 година по повод 65-годишнината на *МКУД Светлост.* Цената на картите е $50 и вклучува коктел храна, пиво, вино и безалкохолни пијалоци. Билетите може да се купат преку интернет на следниот линк: *https://https://www.trybooking.com/events/landing/1301452*

За повеќе информации контактирајте со **Злате** на Моб: **0409 056 643** или *mkudsvetlost@outlook.com*

### ЛОГА НАЈАВУВА:

# Сиљановска ќе ги помилува сите осудени лица за случајот „27 април“

Екс-министерот за правда **Кренар Лога** во емисијата *„Daily Click“* на *ТВ21* го најави следниот бран на помилувања од претседателката **Гордана Сиљановска Давкова**. Комисијата за помилувања при Кабинетот на Претседателот на Републиката колективно поднесе оставка и не се знае кога ќе биде формиран нов.



*- Јас мислам дека последниов скандал му претходи на идниот, за кој мислам дека наскоро ќе биде амнестија на сите осудени за „27 април“. Се прави скандал за да се скрие идниот скандал бидејќи вие гледате во телевизиските студија и речникот на сите македонски политички партии е овие осудени лица кои се поврзани со вандалски, криминални активности на „27 април“ да бидат амнестирани*, вели **Кренар Лога**.

Тој додава дека во телевизиските студија на македонски јазик има речник кој е поврзан само со Албанци кои се помилувани, додека пак се заборава еден помилуван кој беше градоначалник на *Битола*, а кој е осуден за злоупотреба на службена задача и за корупција.

Следната „тура“ помилувања би можела да биде веќе за Нова година.

# Ги слушнал како планираат да му фрлат бомба во куќата

Полициските службеници од Полициското одделение *Теарце* го привеле 52-годишниот **Г.Ц.** од село *Мала Речица, Тетовско*, по дојава дека се договарал за поставување експлозивна направа пред куќа во село *Доброште*. Инцидентот се случил околу 03:20 часот, кога пријавителот, жител на тетовско *Доброште*, слушнал како осомничениот пред неговата куќа разговара со друго лице за да му поставуват експлозив.

Како што соопшти *СВР Тетово*, во текот на истрагата, околу 10:15 часот, полициските служби пронашле две неексплодирани рачни бомби покрај локалниот пат во близина на куќата на пријавителот. Бомбите биле безбедно отстранети од страна на стручни лица. **Г.Ц.** е задржан во полициска станица, а против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Истражните органи продолжуваат со документирање на случајот.

# ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary” Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## ВО МЕЛБУРН:

# Успешно одржан Македонскиот фестивал на храната



***Организатор на овој настан е МАСО, организација што веќе единаесет пати успешно го организира овој голем настан во Мелбурн***

Во организација на *МАСО (Македонско-австралиската организација на заедницата)*, минатава недела на стадионот на *Алтона Мацик Вардар* во *Алтона Норт* се одржа традиционалниот *Македонски фестивал за храна.* Посетителите имаа можност да уживаат во одлично организираниот настан со македонска музика и традиционалните ора и песни во изведба на културно-уметничките друштва од *Викторија*.



Оваа година зедоа учество нашите друштва: *КУД Гоце Делчев, КУД Јане Сандански, КУД Александар Македонски III, КУД Илинден, КУД Светлост* и *"Бенџо Академи.* Тука беа и популарните пејачи **Татјана Лазаревска, Новица Василевски, Петар Дамчевски, Вера Трајковска, Тиана Степановска** и *Ројал Бенд*.

На посетителите им беа понудени тра-



## Соопштение

Селското социјално друштво *Будимерци (Св. Никола)*, ги известува сите членови дека славата *"Петков ден"* ќе се одржи на 26 октомври во *Фераро рецепција* која се наоѓа на *14 Onslow Ave Campbellfield* со почеток во 18 часот. За карти и информации јавете се кај: **Косте** на тел: **0431 360 291**, **Ило** на тел: **0423 774 147** или **Ристе** на тел: **0432 789 698**







диционални македонски тестенини, колачи, скара, безалкохолни и алкохолни пијалоци.

Почнувајќи од штандовите со богата понуда на јадења од македонската кујна па до занимација за младите и забава. Исто така се одржа и модна ревија и дефиле на стари македонски носии.

Честитки до сите волонтери и поддржувачи кои уште од 2012 година овозможуваат успешно одржување на овој традиционален настан со кој се гордееме во македонската заедница во *Викторија*. Пофалба и за организаторите од *МАСО*, кои *Македонскиот фестивал на храна* успешно го организираат во *Мелбурн*. Продолжувајќи ги традициите и обичаите од *Македонија*, фестивалот е високо посетена манифестација на календарот на сите во заедницата.

Догледање до следната година кога повторно ќе се организира овој фестивал.








### КРАЛОТ ЧАРЛС:

# Комонвелтот треба да го признае своето болно минато



Британскиот крал **Чарлс** рече дека Комонвелтот треба да го признае своето болно минато бидејќи африканските и карипските нации продолжуваат да бараат репарации за улогата на неговата земја во прекуокеанската трговија со робови.

Претставници на 56 земји присуствуваат на состанокот на шефовите на влади на Комонвелтот во *Самоа*, на кој главни теми беа ропството и заканите од климатските промени. Повеќе од половина од членките на Комонвелтот се мали нации, многу од нив острови се загрозени од зголемувањето на нивото на морето поради климатските промени.

*„Слушајќи ги луѓето низ Комонвелтот, разбирам како сѐ уште одекнуваат најболните аспекти од нашето минато*", рече кралот во говорот на самитот.

*„Затоа, од витално значење е да ја разбереме нашата историја, да не води кон правилен избор во иднина*", додаде тој.

Барањата од *Британија* да плати репарации или на друг начин да надомести за трансатлантското долгогодишно ропство, неодамна добија на интензитет низ целиот свет, особено меѓу *Карипската заедница (CARICOM)* и *Африканската унија*.

Противниците на репарациите велат дека земјите не треба да одговараат за историските неправди, додека оние кои ја поддржуваат велат дека наследството од ропството довело до денешната расна нееднаквост.

Британскиот премиер **Кир Стармер** изјави дека *Британија* треба да ги слуша нациите кои сакаат да разговараат за ова прашање на самитот, но одби да се извини за историската улога на земјата во трговијата со робови.

Од 15-тиот до 19-тиот век, околу 12,5 милиони Африканци биле киднапирани и насилно земени и продадени во ропство.

# Огромно езеро се формираше среде пустината Сахара




Пустината *Сахара* е позната како едно од најсушните места на нашата планета, но новите фотографии направени откако беше подложен на најсилниот дожд во последните децении беа изненадувачки. Сликите се направени од Ландсат 9 на *НАСА*, сателит за набљудување на *Земјата* кој редовно испраќа слики од планетата. На првата слика, солено мочуриште може да се види на 12 август, пред дождот. Неодамнешните фотографии од 29 септември покажуваат огромно зелено езеро на локацијата, откако водата го наполни пустинското езеро.

*„Езерото се наоѓа долж планинскиот венец Угарта и се влева во долината Саура, река која минува (понекогаш наречена Вади) од југоисток*", соопшти *НАСА*.

Како што глобалните температури продолжуваат да растат би можеле да видиме поредовни поплави во делови од пустината *Сахара*. Геолошките и археолошките докази покажуваат дека вегетацијата, мочуриштата, па дури и езерата покривале големи области на пустината *Сахара* пред 10 илјади години.

# Русите го заземаа важниот град Селидове, украинскиот фронт се распаѓа



Руските сили влегоа во стратешки важниот град *Селидове* во регионот на *Донецк* и наскоро целосно ќе го освојат, потврди украинскиот генерал-мајор **Дмитро Марченко**, додавајќи ја драматичната најава дека источниот фронт на *Украина* во регионот *Донецк* „всушност е урнат". *„Сите знаеме дека не откривам никакви воени тајни кога велам дека нашиот фронт се распадна*", рече **Марченко** во интервју. **Марченко** ја припиша ситуацијата на недостигот на оружје и муниција и недостатокот на војници. *„Војниците се уморни. Тие не можат да ја покријат целата линија на фронтот каде што се стационирани*", рече генералот, кој се прослави со успешното бранење на **Миколаев** и *Херсон* во јужна *Украина* на почетокот на војната.

Руското Министерство за одбрана објави дека нивните сили веќе го освоиле градот, кој се наоѓа на околу 18 километри југоисточно од градот *Покровск*, клучно логистичко упориште на украинските сили и сообраќаен центар. *Кремљ* настојува градот да се освои по секоја цена, бидејќи тоа ќе доведе до руска контрола врз речиси целиот регион на *Донецката област*, што беше една од главните цели на инвазијата започната на крајот на февруари 2022 година. Украинските власти сѐ уште не ги коментирале тврдењата на *Русија* за воспоставена контрола над градот. Соопштението дојде набргу откако *Москва* соопшти дека ги освоила двете блиски села *Богојавленка* и *Катеринивка*, како и помалиот град *Хирник*, кои се јужно од *Селидове* и во близина на индустрискиот град *Курахова*. *Селидове* беше важно упориште за украинската одбрана и клучно за спречување на понатамошното напредување на руските сили кон *Покровск*. Градот лежи на патот кон *Покровск* и е последен во насока на напредување на Русите, кои сега имаат отворен пат до главното украинско упориште во регионот. Пред војната, *Селидове* имаше околу 20.000 жители, а градот е дом на единствениот рудник за јаглен во регионот на *Донецк* кој сѐ уште беше под контрола на *Киев*. Заземањето на *Покровск* е е важна стратешка цел на *Кремљ*. Падот на градот може да ја загрози одбранбената линија на *Украина* и да и го отвори патот на *Русија* да го заземе целиот регион *Донецк*. Тоа би претставувало и нови закани за соседниот регион *Дњепропетровск* на запад. Во *Покровск* постои рудник на јаглен за коксирање, најголем од ваков вид во *Украина*, кој се користи во челичната индустрија и воопшто во металургијата, па затоа е незаменлив воен ресурс, што го прави самиот рудник исклучително важен. Огромниот индустриски комплекс *„Азовстал"* во окупираниот и уништен *Мариупол* пред војната се снабдуваше со суровини од рудниците кај *Покровск*.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА




# АЕРОДРОМОТ ВО НОВ ЗЕЛАНД ГО ОГРАНИЧУВА ВРЕМЕТО ЗА ПРЕГРАТКИ И ПОЗДРАВУВАЊЕ

Аеродромот Данедин во Нов Зеланд воведе правило кое ги ограничува прегратките во полето за поаѓање на само три минути.

Да, добро прочитавте – три минути за последен бакнеж , прегратка или солза, а ако сакате да го продолжите емотивното збогување, знакот сугерира да се преселите на паркингот.

Оваа необична забрана ја подели јавноста ширум светот. Додека некои корисници на социјалните мрежи се жалат за полицискиот час за галење, прашувајќи се дали следниот чекор ќе бидат тајмерите за ракување, други саркастично забележуваат дека е чудо што аеродромот сè уште има места за слетување, со оглед на постојано зголемувањето на трошоците и казните.

Главниот извршен директор на аеродромот, Даниел де Боно, ја бранеше одлуката во интервју за новозеландското радио RNZ, велејќи дека аеродромите се познати по тоа што се „емотивни жаришта“. Де Боно се потпира на истражување кое вели дека прегратката од 20 секунди е сè што е потребно за да се активира „изливот на хормонот на љубовта“ – окситоцинот. „Побрзо движење значи и повеќе прегратки за повеќе луѓе“, вели тој.

За оние кои сакаат да се збогуваат, паркингот нуди бесплатни 15 минути за емотивно збогување. Де Боно признава дека неговиот „тим видел интересни работи на паркингот...со текот на годините“, што само долева масло на огнот.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1838 Year 37 • Tuesday, 29 October 2024 • Price $4.00 inc GST



АВСТРАЛИЈА КУПУВА РАКЕТИ ОД САД ЗА 7 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ

ВО МЕЛБУРН:

УСПЕШНО ОДРЖАН МАКЕДОНСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ХРАНАТА

ФОН ДЕР ЛАЈЕН ВО СКОПЈЕ: ВИ ЈА РАЗБИРАМ ПОЗИЦИЈАТА, АМА НЕ МОЖАМ ДА ВИ ПОМОГНАМ - СТАВОВИТЕ НА ЕУ СЕ КОНСЕНЗУАЛНИ

МЕШОВИТА ИСТОРИСКА КОМИСИЈА: НА СЛЕДНАТА СРЕДБА ВО СОФИЈА ЌЕ СЕ РАЗГЛЕДУВА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО II ВЕК

КАКО ТОА ТАРАВАРИ ОЧЕКУВА УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ДА ЗАПОЧНАТ ОД ДЕКЕМВРИ?


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

**ПМФЛ:**

# Силекс и Гостивар „грабат“ кон врвот, „нула“ на скопската пресметка Вардар-Работнички



Шкендија не успеа да слави против актуелниот шампион Струга ТЉ во дерби пресметката на 11. коло од Првата македонска фудбалска лига и да се доближи до водечкиот Работнички на првенствената табела. Шкендија и покрај тоа што имаше водство, на крај мораше да се задоволи само со реми во пресметката со стружани. Работнички, пак, одигра без голови во скопската пресметка со Вардар на арената „Тодор Проески“.

Шкендија прва поведе со голот од пенал на Бесарт Ибраими во 31. минута од средбата, кој е негов вкупно 207 гол во кариерата во првенството на Македонија. Но, Кехинде во 73.минута успеа да израмни за стружани.

На стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, Гостивар успеа да се врати во игра по негативата на дуелот против АП Брера, па со предност од 2:1 да го заврши полувремето, а на крај со победа и со убедливи 4:1.

Струмичани дојдоа до водство со прекрасниот гол на Мартин Ѓоргиевски уште во 13. минута од средбата. Но, потоа следеше пресвртот. Најпрво Ајдоган постигна вистински евро-гол со волеј-удар од 22 метри. Во судиското продолжение на првото полувреме и Алдаир погоди за 2:1. Ивановски со голот во 48. минута од средбата донесе 3:1. А, конечните 4:1 ги постави Симоновски со голот во 90. минута.

Шкупи славеше во пресметката против Тиквеш. Два гола постигна Кадриу а погоди и Аворнио во првото полувреме.

Силекс граби кон врвот на првенствената табелата откако славеше против Беса. Уште во првото полувреме погоди Алиќ во 15. минута за водство од 1:0, а последните секунди од средбата беше заокружено за 2:0.

Воска Спорт и Пелистер ремизираа во Охрид. Стрелец на водечкиот гол за охриѓани беше Ибраими во 20. минута, но Пелистер успеа да се спаси во 85. минута со голот на Александар Ристевски кој погоди од непосредна близина.

**ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА**

**Резултати 11. коло**

| | |
|---|---|
| ШКУПИ – ТИКВЕШ | 3:1 |
| ВОСКА СПОРТ – ПЕЛИСТЕР | 1:1 |
| ГОСТИВАР – АП БРЕРА | 4:1 |
| ВАРДАР – РАБОТНИЧКИ | 0:0 |
| СИЛЕКС – БЕСА | 2:0 |
| ШКЕНДИЈА – СТРУГА ТЛ | 1:1 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работнички | 11 | 6 | 5 | 0 | 23 |
| 2. Гостивар | 11 | 5 | 5 | 1 | 20 |
| 3. Силекс | 11 | 6 | 2 | 3 | 20 |
| 4. Шкендија | 11 | 5 | 5 | 1 | 20 |
| 5. Шкупи | 11 | 4 | 4 | 3 | 16 |
| 6. Струга ТЉ | 11 | 4 | 3 | 3 | 15 |
| 7. Пелистер | 11 | 2 | 6 | 3 | 12 |
| 8. Брера С | 11 | 3 | 3 | 5 | 12 |
| 9. Беса | 11 | 3 | 3 | 4 | 12 |
| 10. Вардар | 11 | 2 | 2 | 7 | 8 |
| 11. Тиквеш | 11 | 1 | 5 | 5 | 8 |
| 12. Воска спорт | 11 | 1 | 4 | 6 | 7 |


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735



# Георгиевски освои сребро на Светскиот Куп во Букурешт

Македонскиот теквондист Дејан Георгиевски успеа да освои сребро на светскиот Г1 куп во Букурешт, Романија.

Георгиевски со победите над Дарел Вудард од САД и Петрос Андреу од Кипар се избори за финале во кое за противник го имаше Ел Јазиди Омар.

Дејан во минатото успевал да го совлада Французинот (четири пати), но овојпат Омар беше на повисоко ниво и издвојува победа.

Меѓутоа без разлика на неуспехот во финалето во таборот на Георгиевски се задоволни, позитивно расположени и веруваат дека ова е само уште еден чекор кон конечната цел - пласман на Олимписките игри кои во 2028 година ќе се одржат во Лос Анџелес.

**МАНЧЕСТЕР ЈУНАЈТЕД СЕ РАЗДЕЛИ ОД ТЕН ХАГ:**

# Потрошени над A$1,083 милиони, а само два трофеја



Манчестер Јунајтед го отпушти Ерик Тен Хаг, а експресно беше именуван неговиот привремен наследник, пак Холанѓанец - Руд ван Нистелрој.

Англиските медиуми веќе прават рекапитулација на двете сезони во кои Ерик тен Хаг беше менаџер на Јунајтед.

Во првата сезона на Холанѓанецот за засилувања беа потрошени 243 милиони евра, а уште 202 милиони во втората сезона. И ова лето нови 214 милиони евра. Вкупно 660 милиони евра (A$1,083 милиони).

За тоа време Јунајтед освои два трофеи, од кои ниту еден не беше во Премиерлигата, односно Лига Купот во 2023 година и ФА Купот 2024 година.

Само Челси има потрошено повеќе пари во ереата на Тен Хаг, односно 1,3 милијарди евра (A$2,132 милиони).

Холанѓанецот го презеде Јунајтед на 1 јули 2022 година. Претходно беше тренер на Ајакс и Твенте. Имаше договор до 2026 година.



# Шпанецот Родри ја доби „Златната топка“!



Шпанецот Родри е официјално најдобар фудбалер на светот за изминатата година и тој за првпат во кариерата ја добива најпрестижната индивидуална награда - „Златната топка“ - која ја доделува магазинот „Франс фудбал“.

„Моторот“ на Манчестер Сити и на шпанската репрезентација зад себе остави спектакуларна сезона во која триумфираше во англиската Премиер лига, но воедно беше и главен предводник на „фуријата“ кон титулата на Европското првенство. Во дресот на Сити забележа учинок од 10 гола и 14 асистенции, а во текот на месец јуни беше главната алка во тимот на Луис Де Ла Фуенте, кој создаде исклучително силна Шпанија, репрезентација која ги „мачкаше“ ривалите на континенталниот собир.

На церемонијата Шпанецот дојде на патерици поради тешката повреда на лигаментите, поради која за него новата сезона е веќе завршена.

Од трката во последен момент „испадна“ Бразилецот Винициус Жуниор, за кого првично беше најавено дека ќе го освои трофејот. Еве како Винсент Гарсија, главниот уредник на „Франс фудбал“ објасни што се случило:

- Очигледно е дека Винициус не победи бидејќи Белингам и Карвахал се меѓу првите пет. Така, на Винисиус чисто математички му пресудија соиграчите бидејќи му земаа поени. Гласачите ги поделија гласовите меѓу тројца или четворица играчи на Реал, што на крајот му наштети на Винисиус, а од кои профитираше Родри.

Во женска конкуренција „Златната топка“ ја доби Аитана Бонмати, која ја освои и минатата година.




За првпат во историјата наградата „Герд Милер“ за најдобар стрелец во изминатата фудбалска година замина кај двајца фудбалери. На церемонијата во Париз ова признание беше доделено на две големи ѕвезди на европскиот фудбал - Хари Кејн и Килиан Мбапе. Вториот не беше присутен зашто Реал одлучи да ја бојкотира годинашната церемонија.

## Шпанските гиганти се најдобри светски тимови за сезоната 2023/24!

Ламин Јамал од Барселона е добитник на наградата „Копа“ за најдобар млад играч во светот, а беа доделени и наградите за најдобрите екипи.

Во машка конкуренција титулата замина кај екипата на Реал Мадрид, која годинава ја освои Лигата на шампионите, додека кај дамите ова признание замина кај екипата на Барселона. Женскиот тим на каталонскиот гигант третпат во историјата го освои трофејот во најквалитетното европско натпреварување, а токму од тука потекнуваат и голем дел од репрезентативките на Шпанија, кои минатата година првпат се закитија со титулата од Светското фудбалско првенство.

Најдобар светски тренер за минатата сезона е италијанскиот стратег, Карло Анчелоти! 65-годишниот предводник на Реал Мадрид по петти пат во кариерата ја освои Лигата на шампиионите и одново ги искачи „кралевите“ на европскиот трон.



Спорт

Australian Macedonian TODAY

ISSN 1442-195X


# ФОРМУЛА 1 ИМА ШЕСТ ПОВЕЌЕКРАТНИ ПОБЕДНИЦИ ВО ЕДНА СЕЗОНА ЗА ПРВ ПАТ ОД 1981 ГОДИНА



Возачот на Ферари, Карлос Сајнц победи на трката за Големата награда на Мексико Сити и придонесе Формула 1 да изедначи достигнување старо 43 години.

Сајнц кој претходно заврши на првото место во Австралија, стана шестиот возач со две или повеќе победи во 2024 година.

Ова се случи само еднаш во Ф1 – во 1981 година. Тогаш победи на две или повеќе трки остварија: Нелсон Пике (три), Ален Прост (три), Карлос Ројтман (две), Жил Вилнев (две), Жак Лафит (две) и Алан Џонс (две). Таа сезона Пике ја освои шампионската титула, со еден бод повеќе од Ројтеман.

Во тековната сезона која има четири трки до крајот покрај Сајнц победници беа и возачот на Ред Бул, Макс Верстапен (седум пати), тимските колеги од Мекларен, Ландо Норис (три) и Оскар Пјастри (две), претставникот на Ферари, Шарл Леклер (три) и возачот на Мерцедес, Луис Хамилтон (два). Освен овие возач на Мерцедес, Џорџ Расел, забележа една победа.


